**БУЏЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2025 ГОДИНА**

**( О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е )**

Буџетот на Општина Крива Паланка е изготвен во согласност со Насоките за изготвување на буџетите на единиците на локална самоуправа ( буџетски циркулар ) кој е доставени од страна на Министерство за финансии на РСМ со бр. 08-9548/2 од 13.11.2024 година, во кои се содржани главните насоки за изготвување на општинскиот буџет за 2025 година.

Буџетската пресметка ја планира и одобрува градоначалникот на Општината врз основа на:

- примарниот обем на изворни приходи и други приливи за финансирање на локалните работи од јавно значење;
- годишни програми на општината;
- предлозите од граѓаните кои живеат на подрачјето на општината;
- интересот на граѓаните и стопанските субјекти за сопствените и заедничките потреби и развојот на општината;
- проекциите за активностите кои се планираат да се извршат во 2025 година, дадени од страна на секторите и одделенијата во Општина Крива Паланка.

Изготвувањето на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2025 година е во согласност со воведувањето на развојниот дел на буџетот, поточно среднорочниот (тригодишен) план на програмите за развој, промените настанати во програмската класификација, како и изготвувањето на буџетот за наредните три години.

Во апликацијата за изработка на општинскиот буџет е воведено поглавието за планирање на развојните програми со тригодишно планирање на приходите и расходите, кои по усвојувањето од страна на општинските совети стануваат составен дел од општинските буџети.

Планот на програмите за развој ги содржи среднорочните проекции на планираните развојни активности за секоја фискална година одделно.

Овие активности, одделно се внесуваат во посебните обрасци В1 во кои за секоја од нив детално се опишуваат: надлежноста, програмата,потпрограмата, целта на развојната програма, активностите кои се планираат,очекуваните резултати и ефекти, ризици и претпоставки, датум на отпочнување и завршување на проектот, како и финансиска конструкција на истите.

Прибраните податоци се сублимираат и истите се доставуваат до советот на општината на усвојување. По усвојувањето развојните програми стануваат составен дел на Предлог буџетот на општината , во рамките на развојниот дел.

Согласно Законот за буџети и Законот за финансирање на ЕЛС, буџетите на единиците на локална самоуправа се со следната структура:

- **Општ дел** – ги содржи вкупните приходи и други приливи и вкупните расходи и други одливи на буџетот за фискалната година, како и глобалните проекции на приходите, приливите, расходите и одливите за наредните две години, вклучувајќи го и планираниот дефицит;

- **Посебен дел** – содржи план на одобрени средства по програми , потпрограми и ставки за фискалната година и

- **Развоен дел** – ги содржи плановите на програмите за развој прикажани по развојни проекти. Во развојниот дел на буџетот се прикажуваат среднорочни планови за програмите за развој, наменети за развојни инвестиции одобрени од советот на општината.

Планираните изворите на приходи според добиените насоки од Министерство за финансии за Буџетот на Општина Крива Паланка за 2025 година се распределени на следниот начин :

| Вид на приход | Износ |
|---|---|
| -Максимален износ на сопствени приходи на основен буџет | 140.241.625 |
| - Дотација од ДДВ | 48.735.441 |
| - Блок дотација за основно образование | 182.512.000 |
| - Блок дотација за средно образование | 72.000.000 |
| - Блок дотација – детска заштита | 38.131.324 |
| - Наменска дотација за пожарникари | 14.035.000 |

**1.Максималниот износ на сопствени приходи на Основниот буџет е планиран на 140.241.625 денари** .

**2.Тековни трансфери од други нивоа на власт во износ од 13.124.527 денари : (741111)**

- Договор бр.08–3260/1 од 11.04.2024 година со Министерство за животна средина и просторно планирање во износ од 5.000.000 денари.*(Изградба на канализација за отпадни води за м.в Трнци ,с.Конопница)*

- Анекс на договор бр.08–7012/1 од 14.11.2024 година со Министерство за животна средина и просторно планирање (08-3621/1 од 07.06.2023 година) во износ од 4.000.000 денари.
*(Изработка на тех.документација за фекален колектор за пречистителна станица за отпадни води)*

- Согласност 13-34/12 од Биро за регионален развој за продолжување на рокот врз основа на Барањето со наш архивски број со бр.23-6295/1 врз основа на договор бр. 08-5543/1 со Министерство за локална самоуправа Биро за регионален развој во износ од 4.124.527 денари. *(Изградба на локален пат с.Варовиште – с..Кошари – с.Б“с).*

**3. Пренесен вишок на приходи од претходната година во износ од 12.918.006 денари : (741114)**

- Пренесен вишок на приходи од Буџетската сметка 630-16 во износ од 4.500.000 денари ;

- Барање за анекс на договор бр. 23-6140/1 врз основа на договор бр.08-5990/1 со Министерство за транспорт.
Пренесен вишок на приходи наменска сметка 789 – I9 во износ од 7.186.066 денари. *(Проект„Осички Мост“)*

-По договор бр.35-84/72 од 29.10.2024 година од Министерство за транспорт .Пренесен вишок на приходи наменска сметка 789–L2 во износ од 1.231.940 денари.*(Реконструкција на дел од ул.„ Пиринска-Ловечки“).*

**4. Дотации на општината од приходи од ДДВ во износ од 48.735.441 денари. (741115)**

**5.Капитални трансфери од други нивоа на власт во износ од 48.867.654 денари.(741211)**

-По договор бр.15-3540/3 од 31.10.2024 година од Министерство за транспорт.Наменска сметка 789–K8 во износ од 48.867.654 денари.*(Поставување на урбана опрема,монтажна-демонтажна катна гаража )*

| Конто | Вкупни приходи на Основниот Буџет за 2025 година | Износ |
|---|---|---|
| | | |
| (71,72,73, и 741113) | - Максималниот износ на сопствени приходи | 140.241.625 |
| 741111 | - Тековни транствери од други нивоа на власт | 13.124.527 |
| 741114 | - Пренесен вишок на приходи од претходната година | 12.918.006 |
| 741115 | - Дотации на општината ,од приходи од ДДВ | 48.735.441 |
| 741211 | - Капитални трансфери од други нивоа на власт | 48.867.654 |
| | **ВКУПНО:** | **263.887.253** |

**Основниот Буџет на Општина Крива Паланка изнесува 263.887.253 денари.**

При подготовка на Буџетот за 2025 година се почитуваат начелата на економичност и рационалност во трошењето на буџетските средства, зголемување на фискалната одговорност, отчетност и транспарентност, подобрување на буџетското планирање и извршување преку дефинирани програми изготвени од страна на одделенијата и усвоени од Советот на Општината и потранспарентно планирање и искористување на капиталните расходи.

Буџетот на Општина Крива Паланка претставува годишен план на приходи , други приливи и одобрени средства во кои се вклучени Основниот Буџет, Буџетот на самофинансирачки активности, Буџетот на дотации и Буџетот на донации .

**Вкупниот Буџет за 2025 година на Општина Крива Паланка изнесува 607.153.577 денари и се состои од :**

| Сметки | Износ | Проценти |
|---|---|---|
| - ОсновенБуџет | 263.887.253 | 43% |
| - Буџет на самофинансирачки активности | 5.860.000 | 1% |
| - Буџет на дотации | 306.678.324 | 51% |
| - Буџет на донации | 30.728.000 | 5% |
| **ВКУПНО:** | **607.153.577** | **100%** |

**Приходи во Основниот Буџет:**

| | Приходи | Износ |
|---|---|---|
| **71** | **Даночни приходи** | **71.468.000** |
| 711 | -Данок на доход,од добивка и од капитални добивки | 13.183.000 |
| 713 | -Даноци на имот | 21.750.000 |
| 717 | -Даноци на специфични услуги | 32.465.000 |
| 718 | -Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 4.070.000 |
| **72** | **Неданочни приходи** | **13.105.000** |
| 722 | -Глоби,судски и административни такси | 1.000.000 |
| 723 | -Такси и надоместоци | 600.000 |
| 724 | -Други владени услуги | 5.000 |
| 725 | -Други неданочни приходи | 11.500.000 |
| **73** | **Капитални приходи** | **51.849.464** |
| 733 | - Трансфери | 51.849.464 |
| **74** | **Трансфери и донации** | **127.464.789** |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 127.464.789 |
| | **ВКУПНО:** | **263.887.253** |

**Расходи во Основниот Буџет:**

| Расходи | Износ | Проценти |
|---|---|---|
| - Тековно оперативни расходи | 150.226.599 | 57% |
| - Капитални расходи | 113.660.654 | 43% |
| **ВКУПНО:** | **263.887.253** | **100%** |

**Тековно оперативни расходи во Основниот Буџет :**

| | Тековно – оперативни расходи | Износ | Процент |
|---|---|---|---|
| **40** | -Плати и надоместоци | 56.371.000 | 37% |
| **41** | - Резерви и недефинирани расходи | 300.000 | 0% |
| **42** | - Стоки и услуги | 60.505.000 | 40% |
| **45** | - Каматни плаќања | 1.000.000 | 1% |
| **46** | - Субвенции и трансфери | 23.680.599 | 16% |
| **47** | - Социјални бенефиции | 1.000.000 | 1% |
| **49** | - Отплата на главнина | 7.370.000 | 5% |
| | **ВКУПНО:** | **150.226.599** | **100%** |

Образложение:

**40 – Плати и надоместоци**
401 – основни плати;
402 – придонеси за социјално осигурување;
404 – надоместоци;

**41 – Резерви и недефинирани расходи**
412 – постојана резерва (непредвидливи расходи);
413 – тековни резерви(разновидни расходи );

**42 – Стоки и услуги**
420 – патни и дневни расходи ;
421 – комунални услуги,греење ,комуникација и транспорт ;
423 – материјали и ситен инвентар;
424 – поправки и тековно одржување ; (поправки и одржување на возила , одржување на згради / објекти , одржување на автопати,улици и патишта,одржување на хадверска и софтверска опрема ,одржување на зелени површини и друго)
425 – договорни услуги ;

426 – други тековни расходи ;   ( членарини  во  домашни  организации ,  семинари и коференции , расходи за репрезентација , објавување на огласи и други оперативни расходи );
427 – привремени вработувања ;

**45 – Каматни плаќања**
452 – камата на кредит ;

**46 – Субвенции и трансфери**
463 – трансфери до невладени организации ;( трансфери до здруженија на граѓани и фондации ,трансфери до спортски клубови , трансфери до месни заедници , трансфери до невладени организации);
464 – Разни трансфери ;( стипендии за подршка на малди таленти, државни награди, јубилејни награди, новороденчиња,  матуранти, летување и др.)

**47 – Социјални бенифиции**
471 – Социјални надоместоци ; ( социјална парична помош ,еднократна парична помош,помош за секое новороденче, помош за лица со пречки во физичкиот и психичкиот развој ,социјална помош за стари лица ,друга социјална помош)

**49 – Отплата на главница**
493 – отплата на главница до други нивоа на власт  ( долгорочни позајмица )

**Капитални расходи во Основниот Буџет :**

| 48 | Капитални расходи | Износ | Проценти |
|---|---|---|---|
| **480** | - Купување на опрема и машини | 5.500.000 | 5% |
| **482** | - Други градежни објекти | 105.919.654 | 93% |
| **483** | - Купување на мебел | 11.000 | 0% |
| **485** | - Вложувања и нефинансиски средства | 2.230.000 | 2% |
| | **ВКУПНО:** | **113.660.654** | **100%** |

Образложение:

**480 –  Купување на опрема и машина**
( канцелариска опрема и машини ,  информатичка опрема , опрема за греење , набавка на друга опрема и др);

**482 – Други градежни работи**
(подготвување на проекти вклучувајќи дизајн на улици,патишта и автопати, подготовка на проект за пречистителни станици,реконструкција на капацитети во енергетиката-рата за струја со јавно приватно партнерство - ЕСКО ),Изградба и реконструкција на патишта,Реконструкција на други објекти,Надзор на изградба и друго ,Изградба на пат во с.Кошари Бс,Реконстукција на улици,Улица „ Пиринска “,Изградба на катна гаража ,Реконструкција на Осички Мост,Техничка документација за отпадни води, пречистителна станица во м.в. Трнци, Коф.на Куков Дол, коф.Домачки Дол и коф.на Минор Корито и др.);

**483 – Купување на мебел**
(купување на канцелариски и друг мебел ) ;

**485 –Вложување и нефинансиски средства**
( компјутерски софтвер ,надомест за одземен имот,музејски експонати ,набавка  на книги за библиотека );

**<u>* Посебен дел – содржи план на одобрени средства по програми за 2025 година  и тоа:</u>**

**На сметката <u>Основен Буџет</u> се планирани следните расходи по програми :**

| Реден број | Програми 2025 година | Планирани средства Основен Буџет | Проценти |
|---|---|---|---|
| 1 | А0 – Совет на општина | 6.250.000 | 2,37 |
| 2 | А1 – Изборни активности и референдуми | 2.000.000 | 0,76 |
| 3 | D0 – Градоначалник | 2.226.000 | 0,85 |
| 4 | D1– Месна самоуправа | 80.000 | 0,03 |
| 5 | Е0 – Општинска администрација | 73.260.000 | 27,81 |
| 6 | ЕА – Капитални трошоци на Општината | 1.000.000 | 0,38 |
| 7 | F1 – Урбанистичко планирање | 2.500.000 | 0,95 |
| 8 | G1 – Подршка на локалниот економски развој | 8.070.000 | 3,06 |
| 9 | Ј0 – Одржување на урбана опрема | 1.800.000 | 0,68 |
| 10 | Ј1– Снабдување со вода | 200.000 | 0,08 |
| 11 | Ј2 – Одржување и пречистување на отпадни води | 300.000 | 0,11 |
| 12 | Ј3 – Јавно осветлување | 7.800.000 | 2,96 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 13 | J4 – Јавна чистота | 5.000.000 | 1,91 |
| 14 | J6 – Одржување и заштита на локални патишта,улици и... | 8.600.000 | 3,27 |
| 15 | J7 – Одржување и користење на паркови и зеленило | 5.000.000 | 1,91 |
| 16 | J8 – Други комунални услуги | 3.250.000 | 1,23 |
| 17 | JA – Изградба на јавно осветлување | 8.000.000 | 3,04 |
| 18 | JD – Изградба и реконструк. на локални патишта и улици | 15.112.000 | 5,74 |
| 19 | JDA– Изградба и реконструк. на локални патишта и улици | 15.000.000 | 5,70 |
| 20 | JG – Изградба на системи за водоснабдување | 550.000 | 0,21 |
| 21 | JEA – Изградба на простор за паркирање | 48.867.654 | 18,55 |
| 22 | JI – Изград. на системи за пречистување на отпадни води | 9.850.000 | 3,74 |
| 23 | JL – Други комунални услуги ( капитални расходи ) | 4.800.000 | 1,82 |
| 24 | JNA–Изградба на спортско рекреативни детски игрaдишта | 10.000.000 | 3,80 |
| 25 | N1 – Основно образование | 450.000 | 0,17 |
| 26 | N2 – Средно образование | 3.700.000 | 1,40 |
| 27 | К3 – Музејска и кинотечна дејност | 4.280.000 | 1,62 |
| 28 | К4 – Културни манифестации и творештво | 9.080.000 | 3,26 |
| 29 | КА –Културни манифес.и творештво (капитални трошоци) | 411.000 | 0,17 |
| 30 | L0 – Спорт и рекреација | 2.760.599 | 1,05 |
| 31 | R1 – Заштита на животна средина и природа | 2.090.000 | 0,79 |
| 32 | W0 – Противпожарна заштита | 1.480.000 | 0,56 |
| 33 | WA– Противпожарна заштита(капитални расходи) | 70.000 | 0,01 |
| 34 | X1 – Родова еднаквост | 50.000 | 0,01 |
| | **ВКУПНО:** | **263.887.253** | **100%** |

**На сметката <u>Буџет самофинансирачки активности</u> се планирани следните програми и расходи :**

| **Програми 2025 година** | **Планирани средства Буџет на самофинансирачки акривности** | **Проценти** |
|---|---|---|
| К3– Музејска и кинотечна дејност | 660.000 | 11% |
| КА – Културни манифестации и творештво (капитал. расходи ) | 500.000 | 9% |
| N1 – Основно образование | 240.000 | 4% |
| N2– Средно образование | 350.000 | 6% |
| NA– Капитални расходи за основно образование | 110.000 | 2% |
| V1– Детски градинки | 4.000.000 | 68% |
| **ВКУПНО:** | **5.860.000** | **100 %** |

**На сметката <u>Буџет на дотации</u> се планирани следните програми и расходи :**

| **Програми 2025 година** | **Планирани средства Буџет на дотации** | **Проценти** |
|---|---|---|
| N1 – Основно образование | 182.512.000 | 60% |
| N2 – Средно образование | 72.000.000 | 23% |
| V1 – Детски градинки | 38.131.324 | 12% |
| W0 – Противпожарна заштита | 14.035.000 | 5% |
| **ВКУПНО:** | **306.678.324** | **100 %** |

**На сметката <u>Буџет на донации</u> се планирани следните програми и расходи :**

| **Програми 2025 година** | **Планирани средства Буџет на донации** | **Проценти** |
|---|---|---|
| G1 – Подршка на локалниот економски развој | 300.000 | 1% |
| G2– Поотикнување на развојот на туризмот | 1.888.000 | 6% |
| GA– Изградба на комерцијални објекти | 960.000 | 3% |
| J8 – Други комунални услуги | 9.210.000 | 30% |
| JD – Изградба и реконструкција на локални улици,патишта и мостови | 400.000 | 2% |
| JM – Паркови и зеленило ( капитални расходи ) | 15.490.000 | 50% |
| N1 – Основно образование | 2.480.000 | 8% |
| **ВКУПНО:** | **30.728.000** | **100%** |

*** Развоен дел – Буџет на Општина Крива Паланка за 2025 година се планирани 3 Развојни програми JEA, JDA и JNA со Вкупна вредност од 73.867.654 денари и тие се распределени во посебниот дел на програми на соодветни расходни конта.**

| Развојни програми на Основниот Буџет | 2025 година | 2026 година | 2027 година | Финансирање 2025 година |
|---|---|---|---|---|
| JEA – Изградба на простор за паркирање | 48.867.654 | 7.143.515 | 10.000.000 | Министерство за транспорт |
| JDA–Изградба и реконструкција на локални улици и патишта | 15.000.000 | 23.000.000 | / | Кофинансирање |
| JNA – Изградба на детски игралишта | 10.000.000 | 15.000.000 | / | Кофинансирање |
| **ВКУПНО:** | **73.867.654** | **45.143.515** | **10.000.000** | |

***Вкупниот Буџет на Општина Крива Паланка за 2025 година ќе изнесува 607.153.577 денари.***